# I. Движења во реалниот сектор[1]

Нивото на потрошувачките цени во октомври 2006 година е речиси непроменето во однос на претходниот месец (минимален пораст од 0,1%), како резултат на дивергентните движења на цените на стоките и услугите. Анализирано од аспект на структурата на инфлацискиот индекс, најголем придонес за месечната инфлација (од 0,2 процентни поени) има порастот на цените во категоријата "домување" кој во целост се должи на зголемената цена на парното греење (за 25,6%). Сепак, крајниот ефект од ова зголемување врз општото ценовно ниво е релативно мал, заради малото учество на трошоците за парно греење во вкупниот инфлациски индекс (во согласност со ниската застапеност на овој начин на греење). Цените на стоките за исхрана во октомври беа незначително повисоки во однос на септември (придонес од 0,1 процентен поен), рефлектирајќи го главно порастот на цените на свежиот зеленчук делумно неутрализиран со падот на цените на свежото овошје. Дополнителен позитивен придонес кон месечната инфлација имаа цените на средствата за образование (пораст од 2,5%) и цените на лековите (пораст од 1,7%). Сепак, порастот на цените кај наведените категории се релативизира со пониските цени на нафтените деривати (негативен придонес од 0,3 процентни поени во вкупниот инфлациски индекс).

Годишната стапка на инфлација во октомври 2006 година изнесуваше 2,6% (во претходниот месец 3,1%). Просечната стапка на инфлација во периодот јануари-октомври 2006 година забележа минимално намалување во однос на претходниот месец и изнесуваше 3,2%. Притоа, 91% од просечната инфлација е детерминирана од порастот на цените на стоките, додека поумерениот пораст на услугите го детерминира преостанатиот дел од инфлацијата. Просечен пораст на цените е забележан кај сите категории во рамки на индексот, при што и понатаму доминира ефектот од порастот на цената на тутунот (придонес од 39%). Повисоките цени на производите за исхрана (главно на свежиот зеленчук, свежото и преработено месо и шеќерот) детерминираат 25% од вкупната просечна инфлација. Дополнителен придонес од 12% имаат и зголемените цени на нафтените деривати, додека зголемените цени на средствата за образование детерминираат 8% од инфлацијата. Ефектот од порастот на цената на парното греење и на електричната енергија изнесува 1,1% и 3,5%, соодветно, во вкупната инфлација.

Графикон 1
Трошоци на животот
(во %)




Извор: Државен завод за статистика.

*Цените на производителите на индустриски производи*[2] го продолжуваат трендот на намалување, така што во октомври 2006 година во однос на претходниот месец се пониски за 0,8%. Месечниот пад се должи на пониските цени во секторот "преработувачка индустрија" (придонес од 1,9 процентни поени) и минималниот придонес на пониските цени во секторот "вадење руди и камен", чиј ефект беше делумно неутрализиран со порастот на цените на производителите во секторот "снабдување со електрична енергија, гас и вода" (пораст од 10,7%, односно придонес во насока на пораст на цените од 1,1 процентен поен). Намалувањето на цените на производителите во преработувачката индустрија се должи главно на пониските цени на производителите на нафтени деривати (придонес од 1,6 процентни поени за вкупниот пад, во согласност со намалувањето на рафинериските цени со одлуките на Регулаторната комисија за енергетика од 18.09.2006 година и 02.10.2006 година) и на намалувањето на цените на прехранбените производи и пијалаците (придонес за падот од 0,3 процентни поени).

[1] Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија и пресметки на НБРМ.
[2] Претходни податоци на ДЗС.

На годишна основа, цените на производителите на индустриски производи се повисоки за 1,8%, при што 68,7% од вкупниот пораст е резултат на повисоките цени на производителите на тутунски производи, кои го неутрализираа во целост ефектот на намалените цени на нафтените деривати. Во периодот јануари-октомври 2006 година, цените на производителите на индустриски производи бележат просечен пораст од 4,8% во споредба со истиот период од претходната година. Реализираниот пораст во најголем дел е резултат на повисоките цени на производителите во преработувачката индустрија (придонес од 4,7 процентни поени), при што најголем придонес имаат зголемените цени на производителите на нафтени деривати и тутунски производи. Исто така, кај рударскиот и енергетскиот сектор е регистриран просечен пораст на цените од 3,4% и 0,5%, соодветно, придонесувајќи заедно со скромен 0,1 процентнен поен во вкупниот просечен пораст на производствените цени.

*Физичкиот обем на индустриското производство*[3] во октомври 2006 година оствари месечен пораст од 7,4%, кој е детерминиран од позитивните движења во енергетскиот и преработувачкиот сектор (при поизразен позитивен придонес на енергетскиот сектор), додека во рударскиот сектор беше регистриран минимален пад. Зголемувањето на производството во енергетскиот сектор е резултат на пониската споредбена основа од претходниот месец (кога беше извршен ремонт кај еден енергетски капацитет). Интензивираната активност во преработувачката индустрија на месечна основа произлегува од порастот на производството во 9 од вкупно 20 преработувачки гранки, кои сочинуваат околу 60% од вкупното производство на преработувачкиот сектор. Од нив, најголем позитивен придонес имаат зголеменото производство на електрични машини и апарати (главно поради ниската споредбена основа од претходниот месец), хемикалии и хемиски производи, прехранбени производи и пијалаци, текстилни ткаенини и нафтените деривати.

Во октомври 2006 година, индустриското производство оствари годишна стапка на пораст од 8,4%, при пораст на производството во рударскиот и преработувачкиот сектор, додека кај енергетскиот сектор е забележан минимален пад.
Зголеменото производство на месечна основа го интензивира кумулативниот пораст на индустриското производство, кој во периодот јануари-октомври 2006 година достигна 2,8% во однос на истиот период од 2005 година. За остварениот пораст придонесоа преработувачкиот и рударскиот сектор (со 2,4 и 0,7 процентни поени, соодветно), додека енергетскиот сектор бележи намалена активност (негативен придонес од 0,3 процентни поени). Порастот на производството во доминантниот преработувачки сектор (за 2,9%) е одраз на зголеменото производство во 13 од вкупно 20 преработувачки гранки (со учество од 75,8% од вкупното производство на преработувачкиот сектор), од кои најголем придонес имаат зголеменото производство на производи од други неметални минерали, основни метали, прехранбени производи и пијалаци, тутунски производи, текстилни ткаенини, електрични машини и апарати и на нафтени деривати.

Графикон 2
Индустриско производство
(во %)




Извор: Државен завод за статистика.

[3] Претходни податоци на ДЗС.

## Прилог

# Движења во реалниот сектор во Република Македонија

**Табела 1**
Трошоци на живот

| | X.2006 / IX.2006 | X.2006 / X.2005 | I-X.2006 / I-X.2005 |
|---|---|---|---|
| | | во % | |
| **Трошоци на животот** | **0,1** | **2,6** | **3,2** |
| Исхрана | 0,1 | 1,0 | 2,1 |
| Тутун и пијалаци | 0,0 | 17,8 | 17,7 |
| Облека и обувки | 0,1 | -0,2 | 0,0 |
| Домување | 1,1 | 4,5 | 1,5 |
| Стан (станарина, вода, услуги) | 0,1 | -2,2 | -0,4 |
| Огрев и осветление | 1,7 | 8,5 | 2,9 |
| Хигиена и здравје | 0,6 | 3,1 | 1,8 |
| Култура и разонода | 1,6 | 6,9 | 6,6 |
| Сообраќајни средства и услуги | -1,4 | -2,3 | 2,4 |
| *Стоки* | *-0,1* | *2,9* | *3,6* |
| *Услуги* | *1,3* | *1,1* | *1,5* |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

**Табела 2**
Цени на производители на индустриски производи*

| | X.2006 / IX.2006 | X.2006 / X.2005 | I-X.2006 / I-X.2005 |
|---|---|---|---|
| | | во % | |
| **Цени на производители на индустриски производи** | **-0,8** | **1,8** | **4,8** |
| Енергија | -3,0 | -1,3 | 11,8 |
| Интермедијарни производи, освен енергија | 0,6 | 2,4 | -0,6 |
| Капитални производи | 0,0 | 5,2 | 4,7 |
| Трајни производи за широка потрошувачка | 0,0 | 0,6 | 3,2 |
| Нетрајни производи за широка потрошувачка | -0,6 | 3,2 | 4,8 |
| *Вадење руди и камен* | *0,3* | *2,3* | *3,4* |
| *Преработувачка индустрија* | *-2,2* | *0,9* | *5,4* |
| Производство на прехранбени производи и пијалаци | -0,8 | -0,1 | 0,7 |
| Производство на тутунски производи | 0,1 | 23,2 | 21,3 |
| Производство на текстилни ткаенини | 0,0 | -0,3 | 0,3 |
| Производство на предмети за облека; доработка и боење на крзно | 0,0 | -2,2 | -2,5 |
| Издавачка дејност, печатење и репродукција на снимени медиуми | -0,2 | -1,0 | 1,0 |
| Производство на кокс, деривати на нафта и нуклеарно гориво | -12,1 | -9,0 | 21,0 |
| Производство на хемикалии и хемиски производи | 0,0 | 0,0 | -0,2 |
| Производство на производи од гума и производи од пластични маси | 6,0 | 4,9 | 1,2 |
| Производство на производи од други неметални минерали | 0,5 | 4,6 | 3,1 |
| Производство на основни метали | 0,4 | 2,7 | -3,2 |
| Производство на метални производи во металопреработувачката фаза, освен машини и уреди | 0,0 | 10,0 | 8,3 |
| Производство на електрични машини и апарати, неспомнати на друго место | 0,0 | 8,7 | 7,3 |
| *Снабдување со електрична енергија, гас и вода* | *10,7* | *9,7* | *0,5* |

*Претходни податоци.
Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

**Табела 3**
Индустриско производство*

| | структура во % | X.2006 / IX.2006 | X.2006 / X.2005 | I-X.2006 / I-X.2005 |
|---|---|---|---|---|
| | | во % | | |
| **Вкупно** | **100,0** | **7,4** | **8,4** | **2,8** |
| Енергија | ***21,9*** | **49,0** | **-0,7** | **-0,3** |
| Интермедијарни производи, освен енергија | ***33,8*** | **1,1** | **14,8** | **8,4** |
| Капитални производи | ***4,8*** | **-1,6** | **38,2** | **6,0** |
| Трајни производи за широка потрошувачка | ***1,4*** | **-8,0** | **-14,4** | **-3,3** |
| Нетрајни производи за широка потрошувачка | ***38,1*** | **-0,5** | **5,9** | **-1,3** |
| ***Вадење руди и камен*** | ***1,8*** | ***-15,4*** | ***6,8*** | ***35,2*** |
| ***Преработувачка индустрија*** | ***79,4*** | ***1,4*** | ***10,5*** | ***2,9*** |
| Производство на прехранбени производи и пијалаци | 20,0 | 3,6 | 16,4 | 1,8 |
| Производство на тутунски производи | 3,9 | -38,7 | 0,7 | 7,1 |
| Производство на текстилни ткаенини | 2,5 | 20,0 | 7,2 | 7,3 |
| Производство на предмети за облека; доработка и боење на крзно | 8,6 | 1,9 | -8,4 | -3,8 |
| Издавачка дејност, печатење и репродукција на снимени медиуми | 3,9 | -0,5 | -9,9 | -20,5 |
| Производство на кокс, деривати на нафта и нуклеарно гориво | 3,0 | 16,0 | -3,1 | 5,7 |
| Производство на хемикалии и хемиски производи | 5,9 | 17,1 | 26,8 | 2,2 |
| Производство на производи од гума и производи од пластични маси | 2,6 | 11,0 | 14,8 | -11,1 |
| Производство на производи од други неметални минерали | 8,2 | -6,4 | 0,0 | 18,9 |
| Производство на основни метали | 6,0 | -2,2 | 53,2 | 11,8 |
| Производство на метални производи во металопреработувачката фаза, освен машини и уреди | 3,8 | -6,6 | 43,5 | 1,1 |
| Производство на електрични машини и апарати | 3,2 | 60,3 | 25,9 | 5,6 |
| ***Снабдување со електрична енергија, гас и вода*** | ***18,8*** | ***58,7*** | ***-0,2*** | ***-1,5*** |

* Претходни податоци.
Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија